# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.44 од 27.06.2002 година**

**Член 1**

Во Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000), во членот 23 став (2) алинејата три се менува и гласи:
" - Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците; и ".

**Член 2**

Во членот 26 ставот (2) се менува и гласи:
"(2) Во состав на Министерството за култура е Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија."

**Член 3**

Во членот 38 ставот (3) се брише.

**Член 4**

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

**"Член 38-а**

(1) Надзорот над законитоста на прописите на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје го врши министерството надлежно за вршење на работите на локалната самоуправа.
(2) Надзорот над законитоста на работата на органите на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје се врши од органите на државната управа.
(3) Надзорот над делегираните надлежности го врши органот на државната управа чии надлежности се делегирани на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје."

**Член 5**

Во членот 39 став (1) зборовите: "член 38" се заменуваат со зборовите: "членовите 38 и 38-а".

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".